РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-3691/2
03-06-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 69-та седница одржана на ден 01.06.2022 година ја донесе следната

О д л у к а

Постапката по предметот број 12-4257/1 од 11.09.2019 година оформен по пријава против Градоначалникот на Општина ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување поради тоа што за предметниот случај постапува друг орган кој е надлежен да постапува од областа.

Предметот со број 12-4257/1 од 11.09.2019 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, ----------, на ден 11.09.2019 година доставена е пријава заведена под број 12-4257/1 од 11.09.2019 година, по електронска пошта како претставка на ПП ----------,----------, поднесена против Градоначалникот на Општина ----------, со наводи за повреда и прекршување на уставот на РСМ; повреда на одредбите од законот за градење; повреда на одредбите од кривичен законик и повреда на одредите од законот за општата управна постапка.

I. Од извршениот увид во доставената пријава констатирано е следното:

Подносителот на пријавата дава предлог да се укаже да се почитува доследно уставното право и законот за градење и да му се наложи на градоначалникот доследно да ги почитува законските прописи кои се на сила во Република Северна Македонија, посебно Законот за Градење.

Од страна на подносителот на пријавата по однос на предметниот случај се наведува дека согласно член 80 од Законот за градење ("*Службен Весник на Република Северна Македонија" број 130/2009; 124/201; 18/2011; 18/2011; 36/2011; 49/2011; 54/2011; 13/2012;144/2012; 25/2013; 79/2013; 137/2013; 163/2013; 27/2014; 28/2014; 42/2014; 115/2014; 149/2014; 187/2014; 44/2015; 129/2015; 129/2015; 217/2015; 226/2015; 30/2016; 31/2016; 39/2016; 71/2016; 103/2016; 132/2016; 35/2018*), а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("*Службен Весник на Република Северна Македонија" број 5/2002*), Советот на Општина ---------- треба да донесе Програма за поставување на урбана опрема на територијата на Општината за секоја календарска година. Според Програмата се носела Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема за тековната година.

Со оглед на тоа дека по 01.01.2019 год. до денот на доставување на оваа пријава во Советот на Општина ----------не била доставена ни усвоена Програма за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема, подносителот смета дека биле грубо прекршени уставот и законите.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имено, според подносителот, во конкретниот случај во општина ---------- противуставно и незаконито не биле издадени одобренија за поставување на урбана опрема во територијата на општината пред просторот на деловните простории каде била поставена урбана опрема кои не биле уредно поставени односно биле поставени без Одобрение за поставување урбана опрема со што свесно актуелниот градоначалник --------- ---------- го оштетил буџетот на општината со тоа што на корисниците на јавната површина не ги обврзувал да платат надоместок за истото на начин, рок и износ определен на одобрението за користење на јавна површина, различно по урбани зони, природата на услугите и другите услови предвидени со закон.

На крајот од пријавата, подносителот дава предлог по основ на не издавањето на Одобренија за поставување на урбана опрема, да се преземат соодветни казнени мерки според член 353 од Кривичен законик за Злоупотреба на службената положба и овластување од страна на Градоначалникот на Општина ----------односно на одговорното лице.

II. Од извршени проверки ДКСК дојде до следните сознанија:

- Општина ---------- има донесено Програма - за поставување урбана опрема – рекламни паноа на подрачјето на Општина ---------- за периодот 2014-2020 година и ја објавила во Службен гласник на Општината на ден 30.01.2020

- Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема е објавена во "Службен гласник на Општина ---------- " бр. 5/2013.

III. Во насока на утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање до Државен инспекторат за градежништво и урбанизам за да постапи во рамките на своите законски надлежности односно, да изврши инспекциски надзор во Општината по однос на предметните наводи и до Државната комисија да достави известување за своето надлежно постапување и за евентуално преземените мерки и активности.

По барањето на ДКСК доставено е известување и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, утврдено е дека од страна на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам е постапено по барањето на ДКСК за вршење на надзор во врска со неиздадени одобренија за поставување на урбана опрема од страна на општина --------- и по однос на истото било побарано од Градоначалникот на општината за произнесување во однос на наводите. Ова од причина што барањето се однесува за работи од локално значење за кои донесувањето и извршувањето на донесените управни акти е во надлежност на Градоначалникот, а вршењето на инспекцискиот надзор во надлежност на овластениот градежен инспектор при општината.

Врз основа на сето погоре наведено, ДКСК утврди дека во предметниот случај е постапено од страна на друг надлежен орган и по однос на предметните наводи побарано е проинесување и постапување од друг орган кој е надлежен да постапува од областа, по што оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска

Доставено до : Подносителот на пријавата
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : м-р В.Г.,член на ДКСК